ВЛАДА НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

GOVERMENT OF THE REPUBLIC OF MACEDONIA

# ЦЕНТАР ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

CRISIS MANAGMENT CENTER

## БИЛТЕН НА ЦЕНТАРОТ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО КРИЗИ

**ЈУЛИ 2017**



## Прес конференција во ЦУК по серијата земјотреси во Охридскиот регион

**ЦУК, 05.07.2017 - Во просториите на Центарот за управување со кризи се одржа седница на Главниот штаб, на која се расправаше по прашања во врска со:**

- **Состојбата со серијата земјотреси во охридскиот регион;**
- **Високи температури во РМ – опасност за појава од пожари на отворен простор;**
- **Разгледување на состојбата во транзитните центри Табановце и Гевгелија**

**По завршувањето на седницата, се одржа прес конференција на која се обратија директорот на ЦУК, м-р Агрон Буџаку, директорот на ИЗИС, Михаил Гарески, раководителот на РЦУК Охрид, Митко Темелковски и Горан Стојковски, раководител на Сектор за заштита на шуми и внатрешна контрола во ЈП Македонски шуми.**



**Директорот на ЦУК, Буџаку, во својата изјава истакна дека институциите на Системот за управување со кризи постојано ја следат состојбата со серијата земјотреси кои го зафатија охридско-преспанскиот регион, и преземаат континуирани мерки и активности за справување со истата. Исто така, потсети и на апелот до граѓаните да останат смирени и присебни, да не се создава паника која би предизвикала деструктивно однесување од поединци, да не се подлегнува на гласини и шпекулации за евентуална евакуација и да се следат препораките и насоките дадени од надлежните институции, а за било какви дополнителни информации, граѓаните можат да се обратат на бесплатните телефонски броеви на ЦУК – 195.**

**Директорот на ИЗИС Михаил Гаревски информираше дека виталните објекти во Охрид се во функционална состојба и дека немаат никакви оштетувања.**



**– Ги посетивме прво градинките, потоа болниците, поштата и сл. и заклучивме дека објектите се нови и немаат никакви конструктивни оштетувања. Забранивме моментална употреба на една градинка до Архивот на Охрид, не од аспект на тоа дека конструкцијата не чини, туку бидејќи се два објекта споени со фуга и постои мал ризик да не падне некој дел од малтер и да повреди некое дете, рече Гаревски. Гаревски апелираше до граѓаните да не веруваат на лажните вести кои внесуваат паника кај населението, бидејќи никој не може да го предвиди земјотресот. Според него, по земјотресот со магнитуда 5 се очекува „афтершоковите“ да бидат со јачина од 3 па потоа 4 или пак со 3 степени според Рихтер кои, како што рече, се нормална појава по таква јачина на земјотрес.**



**– Раководителот на РЦУК Охрид, Митко Темелковски, препорача граѓаните на Охрид и туристите да бидат внимателни и да ги почитуваат препораките од надлежните органи и информираше дека до сега на телефонскиот број 195 во Центарот во Охрид биле регистрирани 205 повици претежно за пријавување на оштетувања на објекти кои настанале како последица од земјотресот.**

**Во врска со високите темератури и опасноста за појава на пожари на отворен простор, се обрати, Горан Стојковски од ЈП Македонски шуми кој информираше дека во моментов нема активни пожари и дека со оглед на високите температури во јуни се случиле само два, а во мај три пожари.**



## Силен земјотрес во охридско

Телеметриската сеизмолошка мрежа на Република Македонија, со станици во Скопје, Штип, Валандово, Битола, Охрид и Крушево, одржувана од Сеизмолошката опсерваторија при Природно-математичкиот факултет во Скопје, денес 3.7.2017 год., регистрира силен земјотрес чиј епицентар се наоѓа на 10км источно од Охрид.

Земјотресот се случи во 13 часот и 18 минути и беше со Рихтерова магнитуда 5,0. Според досегашните податоци земјотресот е почувствувн во епицентралното подрачје со интензитет од VII-VIII степени според Европската Макросеизмичка Скала. Со помали интензитети, земјотресот е почувствуван на цела територија на Република Македнија и околните земји. Во РЦУК – Охрид, пријавени се известувања од граѓани за матерproject штети, урнати оџаци, распукани тавани и оштетени коли, а има и падната тераса.



## Информација во врска со серијата земјотреси во охридско – преспанскиот регион

ЦУК, 04.07.2017 - По серијата земјотреси кои што го зафатија охридско – преспанското подрачје. Ве информираме дека на бесплатниот телефонски број за итни повици на Центарот за управување со кризи 195, вчера и денес беа регистрирани околу двесте повици, начелно за предизвикани штети – срушени оџаци, напукнати и изместени преградни ѕидови и други површински оштетувања кои настанале од паднати предмети.

Во текот на денешниот ден се одржа вонредна седница на Регионалниот штаб за управување со кризи во Охрид, на која беа присутни претставници од РЦУК Охрид, ИЗИС, Сеизмолошката опсерваторија од ПМФ-Скопје, Командантот на штабот за заштита и спасување на општина Охрид и градоначалникот на општина Охрид.

На седницата се донесоа следните заклучоци:

- Да се продолжи со проверка на објектите во смисла на конструктивна сигурност;
- Да се даваат насоки и упатства за постапување на граѓаните при вакви ситуации, издадени од надлежните институции;
- Да се посетат локациите на кои самоиницијативно се сместени граѓани во шатори;
- Да се извршат дополнителни контроли на исправноста на водата за пиење во епицентралните подрачја.

Апелираме до граѓаните да останат смирени и присебни, да не се создава паника која би предизвикала деструктивно однесување од поединци, да не се подлегнува на гласини и шпекулации за евентуална евакуација и да се следат препораките и насоките дадени од надлежните институции.

За било какви дополнителни информации, граѓаните можат да се обратат на бесплатните телефонски броеви на ЦУК - 195 и полиција – 192.



## Препораки за заштита од топло време

ЦУК, 10.07.2017 - Според Управата за хидрометеролошки работи Македонија од денеска до среда ќе биде зафатена од високи температури. Температурата на одредени места се очекува да го надмине 40-тиот степен.

На граѓаните им се порачува да ги почитуваат општите препораки за заштита од високите температури, како што се заштита од директна сончева изложеност, избегнување престој на отворено во периодот од 11 до 17 часот, носење светла и лесна облека, консумирање лесна храна и течности, хигиенски начин на подготовка на храната и редовно земање на терапијата кај хронично болните лица.

## Пожар во атарот на с.Водоча



ЦУК, 13.07.2017 - РЦУК – Струмица, известува дека во моментов пожарот во атарот на с.Водоча е со намален интензитет. Активно горење има на неколку места. Утрово од 05:00 часот, на терен интервенираат екипи од ТППЕ – Струмица, ШС „Беласица“, ЈПКД „Комуналец“, ДЗС , СВР Струмица и една екипа на Итната медицинска помош во приправност.



## Локализиран пожарот кај караулата Чашка

ЦУК, 20.07.2017 - Од БППЗ на Град Скопје известуваат дека во текот на вчерашниот ден од 12:40 часот интервенираат за гаснење на запалена борова шума од околу 20.000 м2 во близина на границата со Косово, кај караулата Чашка во опш.Ѓорче Петров. Во гаснењето на пожарот интервенираа покрај БППЗ и екипи од ШС Караџица, ЈП Водовод и канализација и Комунална хигиена како и 2 канадери на ДЗС. БППЗ продолжи со гасење и во текот на ноќта. Според последните информации пожарот е локализиран и е ставен под контрола.

## Пожар во атарот на с. Нерово

ЦУК, 24.07.2017 - Пожарот кој започна на ден 22.07.2017 година во атар на с.Нерово на граница помеѓу општините Желино и Сарај во национален парк Јасен е сеуште активен. Пожарот се простира на непристапен терен и според вработениот во ШС Лешница е во општина Сарај. За пожарот известени се ЕЛС Желино.

## Активни и локализирани пожари на територијата на Македонија



ЦУК, 25.07.2017 - Во текот на вчерашниот ден пожарот кој избувна во близина на браната Козјак се одвои и еден крак одеше кон с.Гургурница (опш.Тетово). Околу 06:00 часот утрово пожарот кој е непристапен терен беше сеуште активен. Од страна на субјектите во Системот за управување со кризи (ТППЕ Тетово, ШС и ДЗС Тетово) од Тетово, состојбата се следи.

Пожарот во близина на село Долна Лешница, ЕЛС Желино, со кој беше зафатена мешана нискостеблеста шума е локализиран околу 23:30 часот. Во гаснење на пожарот учествувале ТППЕ на Тетово.

Од РЦУК Македонски Брод известуваат дека пожарот во с.Требовље е сеуште активен но е под контрола.

## Состанок на координативното тело за заштита на шумите од пожари



На 25.07.2017 година, во Центарот за управување со кризи се одржа прв состанок на координативното тело за заштита на шумите од пожари во претстојниот период, согласно заклучокот на 2-та седница на Управувачкиот комитет за координација и управување во системот за управување со кризи, која се одржа на 19.07.2017 година во просториите на Центарот за управување со кризи.

На состанокот присуствуваа претставници од Министерството за транспорт и врски, Дирекцијата за заштита и спасување, Центарот за управување со кризи, Државниот инспекторат за шумарство и ловство, ЈП Македонски шуми, Шумската полиција, ЈП за стопанисување со пасишта и ЗЕЛС.

Претставникот од ЦУК за координирање на ова оперативно тело, го водеше состанокот на кој се операцијонализираа точките од заклучоците на Управувачкиот комитет кои се онесуваат на евентуална појава на пожари на отворен простор, со цел навремено координирање на активностите во насока на преземање на соодветни активности за спречување на појава на пожари на територијата на Република Македонија.

На состанокот беа донесени заклучоци за понатамошни мерки и активности за справување со пожарите во претстојниот период.

## Активни пожари 26.07.2017

Според информациите пристигнати до 8:30 часот утрово состојбата е следна.



Пожарот во Националниот Парк Јасен сеуште е активен на недостапен терен и побарано е од ДЗС интервенција од воздух. Во текот на вчерашниот ден во попладневните часови поради силниот ветар пожарот се движел кон с.Луковица (опш.Тетово).

Во текот на вчерашниот ден во утринските часови се појавил пожар во атарот на селата Царевиќ, Смолани и Дрен. Со пожарот била зафатена уредена дабова шума, сува трева, чалија, смрека и грмушки на површина од околу 70 – 80 хектари. Во текот на денот интервенирале 5 вработени од ШС и 3 пожарникари од ТППЕ Прилеп. Од утринските часови на терен интервенираат екипи од ШС Прилеп и од ТППЕ Прилеп.

Пожарот во атарот на с.Требовље (опш.Македонски Брод), со кој е зафатена борова шума, во текот на ноќта е ставен под контрола. Пожарот е на доста непристапен терен, а на истиот во текот на вчерашниот ден интервенирано е со 2 авиони од ДЗС кои извршиле 10тина налети. Интервенирале екипи од ШС „Сандански" – Македонски Брод, ТППЕ Македонски Брод и лица од месното население. Во текот на вечерните часови пожарот е ставен под контрола и е спречено негово ширење, а и моментално нема опасност по населени места. Во текот на ноќта пожарот го контролирале вработени од ШС „Сандански" – Македонски Брод, ТППЕ Македонски Брод и лица од месното население. Од утринските часови на терен интервенираат екипи од ШС Македонски Брод и од ТППЕ Македонски Брод.

## Пожар во атарот на с.Требовље

**ЦУК, 26.07.2017 - Пожарот во атарот на с.Требовље (опш.Македонски Брод), со кој е зафатена борова шума, во текот на ноќта беше ставен под контрола. Пожарот е на доста непристапен терен, а на истиот во текот на вчерашниот ден интервенирано е со 2 авиони од ДЗС кои извршиле 10тина налети како и од ШС „Сандански“ – Македонски Брод, ТППЕ Македонски Брод и лица од месното население. Во текот на ноќта пожарот го контролирале вработени од ШС „Сандански“ – Македонски Брод, ТППЕ Македонски Брод и лица од месното население. Од утринските часови на терен интервенираат екипи од ШС Македонски Брод и од ТППЕ Македонски Брод. Има појава на двата нови пожари појавени на М.В „ БРДО “атар на село Требовње и М.В „ КРУША „ во атар на село Близанско. Пожарот има тенденција на ширење поради зголемен ветар.**

**Поради обемноста на пожарот кој се простира во атар с.Требовње, и село Близанско, општина Македонски Брод како и проценката на неможноста на ангажираните сили на локално ниво да се справат со огнената стихија, побарано е ангажирање на хеликоптери за гаснење на пожарот.**

**Денес во негово гаснење интервенираат 2 хеликоптери на АРМ, екипи од ЈП Македонски Шуми- Македонски Брод, ПП возила од ТППЕ Македонски Брод и лица од месното население. Во моментот дел од ангажираните сили се насочени кон заштита на селото Требовње и село Близанско.**

## Пожарот во атарот на село Требовње кај место Лутоец е сеуште активен

**ЦУК, 27.07.2018 - Состојба со пожарот во атарот на село Требовње до 13:00 часот. Пожарот во атар на с.Требовње м.в.Лутоец е сеуште активен. Во моментов на местото на пожарот се ангажирани екипи од ТППЕ Македонски Брод, месното население, ДЗС – Прилеп, ДЗС Македонски Брод и од ЈП „Македонски Шуми“- Македонски Брод. На местото на пожарот од 07:00 до 09:00 часот дејствувале 2 хеликоптери од АРМ, а во моментов на местото на пожарот дејствуваат 2 – авиони од ДЗС. Пожарот во атар на с.Требовље м.в.Круша е сеуште активен. Од 07:00 часот утрово 2 хеликоптери на АРМ дејствуваат на местото на пожарот. Пожарот во атар на с.Требовље м.в. Фојник е ставен под контрола околу 07:00 часот. Ангажирани биле луѓе од месното население и 2 – авиони од ДЗС. ПО РЦУК – Македонски Брод е во контакт со надлежните институции и будно ја следи состојбата, а доколку се појави потреба ќе превземи активности и мерки во доменот на својата работа. Градоначалникот на општина Македонски Брод во текот на вчерашниот ден достави барање до ДЗС и АРМ за ангажирање на летала и истите во текот на вчерашниот и денешниот ден дејствуваат на теренот.**



## Пожари во атарот на с.Требовље

**ЦУК 28.07.2017 - Според последните информации добиени до 10:30 ч. утрово, пожарот е сеуште активен на Лутоец и Круша, додека пожарот према Фојник е локализиран и има дежурни екипи за контрола. Во моментов на лице место на пожарот се ангажирани вработени од ЈП Македонски Шуми Мак.Брод, ТППЕ Македонски Брод и месното население. Од утрово дејствуваат 2 хеликоптеки на АРМ кои имаа активност во локализирање на опожарените места. Исто така активно се вклучени и 2 авиони на ДЗС.**

## Состојба со пожарите во атарот на с. Требовле

**ЦУК, 30.07.2017 - Според информациите пристигнати во Оперативниот центар на ЦУК до 19:00 часот , состојбата со пожарите во атарот на с. Требовле е следна:**
**Пожарот во атарот на село Требовле во попладневните часови се приближил до селото. Сите сили на овој терен се насочени со цел да се спречи ширењето на пожарот.**
**Во текот на денот во гасење на пожарот интервенираа екипи на ШС „Сандански“ – Македонски Брод, ДЗС Македонски Брод, ТППЕ Македонски Брод, лица од месното население и 2 хеликоптери од АРМ.**
**Во моментот за гасење на пожарот се упатени дополнителни сили од Струга и Гостивар, а ќе се состане и Регионалниот штаб на Македонски Брод за да се преземат дополнителни мерки и активности.**

## Пожар во атарот на село Врбјани

**ЦУК, 31.07.2017 - РЦУК Охрид известува дека околу 12:30 часот во текот на вчерашниот ден пријавен е пожар во атарот на с.Врбјани. Со пожарот била зафатена нискостеблеста шума а подоцна и дабова шума. По интервенцијата на пожарникарите ширењето на пожарот е спречено и нема загрозени населени места. Утрово од 06:00 часот екипа од ШС Галичица продолжи со гасењето на пожарот.**

## Пожарот во атарот на с.Требовље сеуште е активен

**ЦУК, 31.07.2017 - Пожарот во атарот на с.Требовље сеуште е активен. Во текот на вчерашниот ден околу селото Требовње биле распоредени екипи од ДЗС, ШС Сандански од Македонски Брод, ТППЕ на Македонски Брод и лица од месното население. Првиот крак од пожарот во с.Требовње се ширеше во правец на с.Здуње. Во гаснењето на пожарот интервенирале и 2 хеликоптери на АРМ. Со пожарот била зафатена бандера на далекувод и во моментот без електрична енергија се жителите од с.Близанско.**
**Околу 18:10 часот пожарот бил пристигант до патот во близина на селото Требовље и биле загрозени првите куќи од селото, поради што беа испратени дополнителни сили, екипи од ТППЕ на Тетово, Струга, Гостивар, Куманово.**
**Во 20:00 часот беше одржан Регионален штаб за управување со кризи на ПО РЦУК Македонски Брод на кој присуствуваа претставници од РЦУК Македонски Брод, Градоначалникот на Македонски Брод, претседателот на МЗ, претставник од ДЗС Македонски Брод, претставник од Здравствен дом и претставник од ЈП Македонски шуми.**
**На состанокот била согледана состојба на теренот и донесени се следните заклучоци:**
**Се работи за два пожари од кои едниот е од месноста „Круша„ атар на с.Близанско со правец на движење према Требовље а вториот пожар е од Требовље со правец на движење према месноста „Лутоец„ и Фојник;**
**Во изминатите денови имаше ангажирање на воздушните летала – 2 хелихоптери на АРМ и повремено ангажирање на 2 авиони од ДЗС. Меѓутоа поради високогоррривната материја (борова шума), високите температури и лошиот терен пожарот сеуште е активен.**
**Поради тоа донесен е заклучок во текот на денешниот ден (31.07.2017) за гасење на пожарот да бидат ангажирани следните сили: воздушните летала на ДЗС; лица од ЕЛС – Мак.Брод; ДЗС – Скопје; ЈП Јасен, ТППЕ Мак.Брод, ДЗС – Кичево, ДЗС Мак.Брод, ДЗС – Прилеп, ЈП Македонски Шуми и од месно население на с.Требовље. Покрај тоа од Здравствен дом Мак.Брод на местото на пожарот во с.Требовље ке бидат присутни 2 екипи. Полициската станица Мак.Брод ќе биде ангажирана за регулирање на сообраќајот. Подршка на силите во гасењето на пожарите дава и АРМ со своите воздушни сили (хеликоптери со ведра).**



## Директорот на ЦУК во посета на Требовле

**ЦУК 31.07.2017 - Според последните информации пожарот во атарот на с. Требовле има тенденција на ширење во правец во атарот на с.Здуње и према Близанско. Се превземаат мерки пожарот да се стави под контрола.**
**Директорот на Центарот за управување со кризи м-р Агрон Буџаку и раководителот на координативното оперативно тело за справување со пожари предложен од Управувачки Комитет Драги Тарчуговски, денес ќе го посетат селото Требовле за да направат увид на моменталната состојба со пожарите .**
**Согласно мерките донесени на одржаниот состанок на РШ за управување со кризи на ПО – РЦУК Македонски Брод одржан на ден 30.07.2017 г во 20.00 часот, денес на терен делуваат екипи на: ДЗС; ЈП Македонски Шуми Мак.Брод; ЕЛС Мак.Брод; месно население; 1 екипа од Здравствен дом Мак.Брод, патролна служба за регулирање на сообраќајот од ПС – М.Брод,; ТППЕ Мак.Брод и 7 други тимови на ТППЕ; како и 2 авиони од ДЗС на РМ и 1 хеликоптер од АРМ**
**РЦУК – Македонски Брод е во контакт со надлежните институции и будно ја следи состојбата.**

## Средба во ЦУК со амбасадорот на Република Албанија



**На 4.7.2017 година, директорот на Центарот за управување со кризи м-р Агрон Буџаку оствари средба со амбасадорот на Република Албанија во Македонија, Фатос Река. На средбата се разговараше за улогата и функцијата на Центарот за управување со кризи, за мигрантската криза, како и за соработката со сродни институции од Република Албанија.**

## Седница на РЦУК Струмица

**На ден 11 и 12.07. 2017 година претставници од ПОРКОА РЦУК Струмица остварија работни состаноци со вработените од РЦУК-Гевгелија и РЦУК-Валандово. Овие средби и состаноци беа реализирани се со цел подобрување и надградување на веќе воспоставената комуникација и координација како во оперативното работење, размена на искуства и надминување на проблемите со кои се соочуваме во секојдневното работење, работата во системот за објавување на кризни настани - ФИНКИ, внесување на дневни настани во МКФФИС, ажурирањето на Е проценaта и посета на ПТЦ Винојуг Гевгелија.**



## Се санираат последиците од поројниот дожд во тетовско



**ЦУК, 21.07. 2017 - По поројниот дожд што го зафати регионот во Тетово во текот на вчерашниот ден во попладневните часови, патниот правец с.Бродец – с.Шипковица беше затрупан од нанос на земја, камења и кал. На местото веднаш започна со расчистување и патот е прооден за сообраќај. Исто така беа предизвикани проблеми и кај Поројската река. Патниот правец Тетово – Јажинце во делот на с.Порој е прооден. Три багери работеа на чистење и продлабочување на речното корито од двете страни на мостот како би можела водата слободно да поминува под коловозот. Од МЗ с.Порој донесена е одлука да се продолжи со чистење и во наредните денови како би се отстранила опасноста од повторување на состојбата од пред неколку недели. Од надојдената вода дојдено е до кинење на водоводната цевка која поминува во близина на реката, водоснабдувањето е нормализирано. Состојбата се следи. Нанос од кал и вода има и кон с.Требош, каде реката се има излеано кај мостот кај м.в.Лагаче, а во мала количина се излеала и на железничката пруга Скопје – Кичево.**

## Директорот на ЦУК во посета на РЦУК Дебар



ЦУК, 27.07.2017 - Директорот на Центарот за управување со кризи м-р Агрон Буџаку, денес беше во работна посета на РЦУК Дебар. На состанок одржан со вработените беа разгледани преземените мерки и активности во рамките на СУК, особено важни за овој временски период кога до израз доаѓаат последиците од топлото време, како што се пожарите. Исто така, со оглед дека ова е прва работна посета на еден директор на ЦУК на РЦУК Дебар, беа разгледани и потребите од зголемување на човечките и техничките капацитети во РЦУК Дебар.

**Билтен на Центарот за управување со кризи на Република Македонија**
**(електронско издание)**

**Издава: Центар за управување со кризи на Република Македонија**
**Редакциска подготовка и графички дизајн: Одделение за односи со јавноста и протокол**
**Адреса : ул. Димче Мирчев бр. 9, П.ФАХ 372 1.000 - Скопје**

**контакт: тел: 3 249 101 факс: 3 249 102**
**веб: www.cuk.gov.mk**
**e-mail. mail@cuk.gov.mk**